## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1222.**

Врз основа на член 8 точка 13 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 март 2025 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОВИ НА ЖАЛОСТ

Член 1

Владата на Република Северна Македонија, деновите од 17 март до 23 март 2025 година, ги прогласува за Денови на жалост во Република Северна Македонија.

Член 2

Деновите на жалост се прогласуваат поради човечките жртви предизвикани од пожарот што се случи во клубот „Пулс" во Кочани, на 16 март 2025 година.

Член 3

На Деновите на жалост, знамето на Република Северна Македонија да се истакне на половина копје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-3074/2
16 март 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.